# HAJHOBATA FIESTA






**Fiesta ST-Line (достапна од 4 септември 2017 година) со 3 врати**
*со опционалниот панорама покрив, боја на каросеријата Race Red и машински обработени алуминиумски бандажи од 18 инчи во боја Rock Metallic.*

# Визионерски. Генијално. Впечатливо. Секој автомобил го носи неговиот потпис.

Henry Ford




***Fiesta Titanium со 5 врати***
*со опционалната премиум металик боја на каросеријата Blue Wave и алуминиумски бандажи од 17 инчи со боја Sparkle Silver.*

## Содржина

Вовед........................................2

Персонализирање на возилото................. 4
Живот со конекција........................... 10
Ford SYNC 3...................................12
Панорамски покрив........................... 14
B&O PLAY .................................... 16
Fiesta Vignale................................ 18
Fiesta ST-Line................................ 22
Врвна внатрешност ...........................24
Ford EcoBoost ...............................26
Активна помош при паркирање ...............28
Приспособлива контрола на управувањето ....30
Помош за држење лента ..................... 32

Модели на Fiesta ............................34
Trend ........................................36
Business......................................38
Titanium .....................................40
Vignale.......................................42
ST-Line.......................................44

Впечатливи технологии на Ford ...............46
Бои на каросеријата на Fiesta.................48
Персонализирање на надворешноста .........50
Тркала на Fiesta .............................52
Облоги на Fiesta..............................54
Персонализирање на внатрешноста...........56
Опрема .....................................60

Спецификации ..............................62
Димензии и капацитет........................70
Следни чекори .............................. 72



# Каква ја сакате?

Направете го вашето утринско патување возбудливо како првиот филџан тазе сомелено кафе. Со најновата Ford Fiesta, подготвивме најчиста мешавина од привлечни возни динамики и палета од енергични и уникатни начини за персонализирање на вашето возило, поширока од кога и да било. Што значи дека можете да ја креирате Fiesta како совршен придружник во вашето индивидуално сфаќање на стил.

Ford Fiesta Titanium со опционална боја на каросеријата Frozen White и пакет за персонализирање на надворешноста Bohai Bay Mint.


Fiesta




# Играјте со боите.

За оние кои сакаат да бидат повеќе изразени, опционалниот **пакет за персонализирање возило за Ford Fiesta** ќе инспирира нови нивоа возбуда од секое патување. Изберете од разновидната колекција на комбинации од бои за покрив, странични ретровизори и каросерија, сите наменети натамошно да ја подобрат прекрасната надворешност и да помогнат вашата најнова Fiesta да биде уникатна како вас.



Ford Fiesta Titanium со опционалната премиум металик боја на каросеријата Ruby Red и пакет за персонализирање на надворешноста Shadow Black.

Алуминиумски бандаж од 16 инчи со 8 краци во боја Rock Metallic.


FIESTA







# *Додајте повеќе стил.*

Посебниот стил не запира на надворешноста. Вашата индивидуалност може да се одрази и преку изборот на украсите од дизајнот на внатрешноста за да одговараат на избраните бои на надворешноста. Контрастните шевови на облогата на седиштата, управувачот и патосниците, деталите нагласени со боја на таблата со инструменти, централната конзола и внатрешните рачки на вратите; плус изборот од дизајни за куќиштето на ретровизорите – сите ги дополнуваат уникатните бои на избраниот пакет за персонализирање на надворешноста на возилото.



Ford Fiesta Titanium со пакет за персонализирање на внатрешноста Chrome Copper.



Прикажаното возило е Ford Fiesta ST-Line (достапна од 4 септември 2017 година) со боја на каросеријата Race Red и алуминиумски бандажи од 18 инчи со боја Rock Metallic.


FIESTA


FIESTA



# *Живот со конекција.*

Започнете ја дневната авантура со Ford Fiesta. Нејзиниот инженеринг со напредно размислување, неверојатната нова надворешност и прекрасно изработената внатрешност ќе ве направи вистинска појава низ градот. Проникливите технологии како новиот **Ford SYNC 3** даваат паметни и елегантни начини да останете поврзани без напор. А новиот инспиративен аудио аранжман со **B&O PLAY** вдахнува вистинска енергија во вашата музика. Иновативната, уникатна најнова Fiesta по која се сите се загледуваат, го редефинира значењето на елегантното современо урбано живеење.

Ford Fiesta Titanium со опционалната премиум металик боја на каросеријата Blue Wave и алуминиумски бандажи од 17 инчи со боја Sparkle Silver.



18.5°
11:00
21°
96.3
2
Silk Moon
Sing It Back
Jason's Phone
Alte Römerstraße
Cologne
N
Audio
Phone
Nav
Apps
Settings
TUNE
VOL
ENGINE START STOP
SYNC




# Запознајте го новиот најдобар пријател на вашиот телефон.

## Ford SYNC 3

Патувањата со автомобил не треба да претставуваат прекин на вашата поврзаност. Новиот **Ford SYNC 3** непречено се интегрира со вашиот паметен телефон овозможувајќи ви да контролирате сè, од телефонските повици и текстуални пораки до музика и сателитска навигација – сè преку допирен екран од 8 инчи или преку извонредно едноставни говорни команди.







**Комуникација**
Управувајте со вашиот телефон, музика, апликации и навигација со едноставни говорни команди. SYNC 3 може дури и да ви ги чита на глас текстуалните пораки. А Emergency Assistance† им помага на патниците да испратат на нивниот јазик повик за итен случај за да ги известат службите за итни случаи за локацијата на возилото.

**Навигација**
Добивате јасни упатства за секое свртување до која било дестинација и можете да барате дополнителни точки на интерес за да ги поставите како попатни точки долж вашата рута. Исто така, можете да ги гледате извештаите за локалниот сообраќај или да ги приспособите поставките за преглед на цел екран, поделен екран или како 3D-мапа.

**Допирен екран**
Допирниот екран на SYNC 3 ги поддржува гестикулациите со повеќе места на допир „листање“ и „зумирање со два прста“ и ви овозможува да ги уредите иконите на апликациите и заднината на екранот онака како што ги уредувате на таблет или паметен телефон. Исто така, можете да се префрлувате од дневен на ноќен режим и обратно и да подготвувате поставки за повеќе корисници.



**Applink, Apple CarPlay и Android Auto**
Контролирајте ги со AppLink апликациите компатибилни со SYNC, додека Apple CarPlay и Android Auto ви овозможуваат да се движите низ HMI на вашиот паметен телефон преку почетниот екран на SYNC 3, исто како да е вашиот телефон.

**Имајте предвид:**
Целосна интеграција на SYNC 3 со паметен телефон е можна само со iPhone 5/Android 5.0 (Lollipop) или понова верзија. За некои функции на SYNC 3 потребна е податочна врска, така што може да се појават трошоци за мобилната податочна врска. За да проверите дали Apple CarPlay и Android Auto се достапни на вашиот пазар, проверете ги најновите информации на официјалните вебсајтови на Apple CarPlay и Android Auto.

†Ford Emergency Assistance е иновативна одлика на SYNC којашто користи мобилен телефон поврзан на мобилна мрежа и спарен преку Bluetooth® за да им помогне на патниците да воспостават повик со локалниот центар за комуникација, по судир на возилото во кој е активирано воздушно перниче или е исклучена пумпата за гориво. Оваа одлика функционира во повеќе од 40 европски земји и региони.

## *Внесете ја надворешноста.*

### Панорамски покрив што се отвора

Уживајте во поубав поглед на панорамата околу вас од комфорот на вашата Fiesta. Панорамскиот покрив со електричен погон ви овозможува вистински да го внесете надворешниот свет во кабината на возилото. Давајќи изобилство свеж воздух кога е отворено, лизгачкото стакло има слој за одбивање сончеви зраци за да се одржува внатрешноста ладна кога е затворено. А внатрешната завеса обезбедува дополнителна сенка кога ви треба. (Опција)

Прикажаното возило е Ford Fiesta Titanium со опционалната премиум металик боја на каросеријата Ruby Red и панорамски покрив со електричен погон.








B&O




# Дали е ова во живо или е B&O PLAY?

## B&O PLAY

Каков и да е вашиот вкус за музика, од класика до модерни хитови, заслужува да звучи онака како што сака уметникот. Новиот восхитувачки аудио-систем на Ford со 675 вати и 10 звучници од B&O PLAY го дава токму тоа. Ексклузивно дизајниран и нагоден за најновата Fiesta од страна на инженерите на B&O PLAY, специјалисти за акустика, тој го подобрува доживувањето при секое патување. А специфичните дизајни на звучниците совршено ја дополнуваат елегантната внатрешност на Fiesta.

- Калибрација на звукот според конкретниот модел
- Премиум аудиосистем со 10 звучници
- Нискотонец со две намотки
- Сараунд озвучување
- Излезна моќност од 675 W
- Уникатен дизајн B&O PLAY



***Вкоренети во богатото 90-годишно наследство на Bang & Olufsen, аудио-производите од B&O PLAY даваат звучна прецизност со врвен квалитет, преку иконските дизајни кои го предводат современиот стил.***



- Високотонец
- Среднотонец
- Нискотонец
- Нискотонец со две намотки


FIESTA



# Врвен
# израз на луксузот.

## Fiesta Vignale

**Ford Vignale*** нуди опсег дополнителни услуги и придобивки за подобрено поседување. Целосното доживување на Ford Vignale е достапно ексклузивно преку FordStores, каде можете да уживате во спокојното опкружување во Ford Vignale Lounge, а специјално обучениот менаџер за односи за Vignale ќе ви обезбеди персонализирана услуга скроена според вашите барања.

Возилата Ford Vignale блескаат со врвната мајсторска изработка и вниманието посветено на деталите. Нарачајте го вашиот **Fiesta Vignale** во боја од палетата опции на бои на каросеријата, вклучувајќи ја и опционалната боја Milano Grigio на Ford, уникатна за опсегот Ford Vignale. А другите ексклузивни одлики на надворешноста како сатенско-алуминиумскиот стил на браниците, уникатната решетка Vignale и опционалните полирани алуминиумски бандажи од 18 инчи со Vignale дизајн – го издвојуваат Vignale од другите модели Fiesta.

***За да погледнете повеќе модели од нашиот ексклузивен опсег Vignale, земете ја брошурата за опсегот Vignale од локалниот продавач на Ford.***

Ford Fiesta Vignale со боја на каросеријата Frozen White и ексклузивни полирани алуминиумски бандажи од 18 инчи со Vignale дизајн.
*Достапен од 4 септември 2017 година.





# Дали ќе изгледам добро во ова?

Влезете во **Fiesta Vignale*** и потопете се во свет на современ луксуз. Елегантен екран Ford Vignale ќе ви посака добредојде, а раскошните седишта со тапацирана кожа со уникатен хексагонален дизајн на облогата создаваат врвна кожена внатрешност во вистинска смисла (опција).



***Кожа Windsor/Ontario во Black Ruby, алтернативна облога на седиштата на Ford Fiesta Vignale.***

Главната слика прикажува Ford Fiesta Vignale со опционална облога на седиштата од ексклузивно хексагонално тапацирана кожа во Black Ruby со шевови Metal Grey.
*Достапен од 4 септември 2017 година.

# Стилизиран со спорт.

## Fiesta ST-Line

ST-Line* ја испорачува целата практичност на Ford Fiesta со дополнителна впечатлива естетика на возило со перформанси. Големиот заден спојлер (опција), комплетот за стилизирање на каросеријата, мрежестите предни решетки, алуминиумските бандажи Rock Metallic, спортското потпирање и надворешност со брендот ST-Line – сите придонесуваат за уникатниот спој на употребливоста и изгледот на автомобилот во кој сите се загледуваат.

А оваа карактеристична елегантна слика се пресликува и во внатрешноста на Fiesta ST-Line – преку нејзиниот уникатен управувач ST-Line обложен со кожа, алуминиумска влошка на рачката на менувачот и неговите спортски педали од не'рѓосувачки челик, кои сите го нагласуваат спортски инспирираниот карактер на нејзиниот дизајн.



Прикажаното возило е Ford Fiesta ST-Line со опционалната боја на каросеријата Frozen White и алуминиумски бандажи од 18 инчи во боја Rock Metallic.
*Достапен од 4 септември 2017 година.


FIESTA

# Дополнителни слоеви комфор.

## Врвна внатрешност

Добре дојдовте во прекрасно изработената внатрешност на Ford Fiesta. Уживајте во висококвалитетните делумно или целосно кожени седишта, совршено дополнети со загреваниот управувач, рачката на рачната сопирачка и рачката на менувачот сите обложени со кожа. Подобреното амбиентално светло, плус врвната централна конзола со потпирач за раката и држачи за чаши – да не го спомнуваме опсегот од достапни пакети за персонализирање на внатрешноста – го комплетираат целиот состав со префинетост.



**Загреван управувач**
За екстра топлина во ладните зимски утра, загреваниот управувач на Fiesta лесно се активира со притисок на копче или преку системот SYNC 3, за да обезбеди дополнителен слој комфор помеѓу вас и ладната надворешност. (Опција)

Ford Fiesta ST-Line (достапен од 4 септември 2017 година) со опционалниот пакет за песонализирање на внатрешноста Race Red, вклучувајќи делумно кожена облога на седиштата во Race Red и Ebony.





# Приказната за помалку гориво, а повеќе моќност.

**Ford EcoBoost. Меѓународен мотор за 2016 година за категоријата под 1 литар.**

Дијамантски цврстата облога на клипните прстени го намалува триењето; турбополначот, директното впрскување и променливото темпирање на вентилите ја зголемуваат ефикасноста. Резултатот се впечатливи перформанси од еден толку економичен бензински мотор. **Добитникот на меѓународната награда Мотор на годината** пет години по ред, 1-литарскиот Ford EcoBoost е достапен во верзии со 100 КС, 125 КС и 140 КС.

# Проектиран за економичност.

Со помош на **технологијата Ford ECOnetic**, најновите мотори на Fiesta имаат забележливо ефикасно искористување на горивото. Бензинскиот мотор 1.0 Ford EcoBoost со 125 КС постигнува импресивни 4,3 L/100 km (комбинирана потрошувачка на горивото), со емисии на $CO_2$ од само 98 g/km. Дизел-моторот од 1,5 литри со 85 КС е уште поштедлив, постигнувајќи комбинирана потрошувачка на горивото од 3,5 L/100 km, и емисии на $CO_2$ од само 90 g/km.





INTERNATIONAL engine of the year awards 2012
INTERNATIONAL engine of the year awards 2013
Presented by engine technology international magazine
Sub 1-litre
Ford 1.0 litre EcoBoost
INTERNATIONAL engine of the year awards 2014
Presented by engine technology international magazine
Sub 1-litre
Ford 1.0 litre EcoBoost
INTERNATIONAL engine of the year awards 2015
Presented by engine technology international magazine
Sub 1-litre
Ford 1.0 litre EcoBoost
INTERNATIONAL engine of the year awards 2016
Presented by engine technology international magazine
Sub 1-litre
Ford 1.0 litre EcoBoost
Добитник на меѓународната награда Мотор на годината пет години по ред.
Powered by FORD EcoBoost


Parallel Park
Spot Found
Release
Steering Wheel
Shift to Reverse
STOP
PASSENGER AIRBAG

# Оставете Fiesta самата да се паркира.

## Активна помош при паркирање

**Активната помош при паркирање** ќе ја паркира Fiesta за вас. Системот наоѓа соодветно место за паркирање и може автоматски да ве внесе во него. Исто така, тој може и да ве изнесе од него. Вие треба само да ракувате со педалите за гас и сопирање и со степените на пренос.



## *Ви помага да најдете место.*

**Активната помош при паркирање** може да ве воведе во паралелни места за паркирање или места за паркирање под прав агол, само 20% подолги или пошироки од автомобилот. Едноставно притиснете копче и сензорите од овој иновативен систем лоцираат соодветно место кога поминувате покрај него. Тогаш тој автоматски ќе ве внесе, додека вие ракувате со педалите за гас и сопирање и со степените на пренос (следејќи ги упатствата на екранот и звучните сигнали).



*И да влезете. И повторно да излезете.*

**Park-Out Assist** функционира обратно од активната помош при паркирање, помагајќи ви да излезете од паралелно место за паркирање. Системот управува, додека вие ги контролирате педалите за гас и сопирање и степените на пренос. Кога системот ќе ве изведе од местото, преку групата инструменти ви дава порака за „преземање на управувањето“.




FIESTA



# Автоматски го одржува растојанието.

## Приспособлив темпомат со предупредување за напред

Комбинира темпомат и контрола на растојанието. Едноставно внесете ја саканата брзина и растојанието до возилото пред вас и Приспособливата контрола на управувањето автоматски ќе го одржува поставеното растојание доколку состојбите во сообраќајот не дозволуваат патување со саканата брзина.

Предупредувањето за напред дава звучно и визуелно предупредување кога постои опасност од судир со возилото напред. Во исто време, помошта за итно сопирање (EBA) ги подготвува сопирачките за да го олесни максималното ефикасно сопирање со оптимизирање на притисокот во системот за сопирање.

Прикажаното возило е Ford Fiesta ST-Line (достапен од 4 септември 2017 година) со опционална металик боја на каросеријата Magnetic и алуминиумски бандажи од 18 инчи со боја Rock Metallic.


FIESTA



# *Екстра пар очи.*

## Систем за држење лента

Системот за држење лента на Ford има две клучни одлики и е достапен при брзини над 65 km/h на автопати и регионални патишта со видливи патни ознаки. Возачот може во секое време да ја преземе контролата од системот.

- **Предупредувањето за држење лента** помага да се одржи возилото во лентата во која се вози. Реакцијата на управувачот ве предупредува кога ќе се детектира ненамерно напуштање на лентата.
- **Помошта за држење лента** применува вртежен момент на управувачот, насочен за враќање во лентата во случај на ненамерно напуштање на лентата.

# *Изберете ја вистинската Fiesta за вас.*

Со достапниот опсег на карактеристични индивидуални опции на дизајнот на серијата, секогаш ќе најдете целосно нов Ford Fiesta што ви одговара, без оглед на вашите преференции.




Trend

Business

Елегантен дизајн, импресивни интегрирани технологии и одличен опсег за избор на мотор, сето тоа придонесува за новиот исклучителен шарм на Ford Fiesta.




Titanium

Vignale

## Луксуз

Луксузните модели на Fiesta даваат врвни нивоа на софистицираност и комфор, со првокласни материјали и дополнителни технологии.




ST-Line

## Спорт

Карактеристичниот стил на надворешноста на ST-Line го испорачува динамичното возно доживување на Ford Focus со дополнителна впечатлива индивидуалност.

# Trend

## Стандардни одлики на надворешноста

- Челични бандажи од 15 инчи
- Халогени рефлекторски предни светла со светла за дневно возење
- Загревани странични ретровизори со електричен погон, со трепкачи и куќишта во боја на каросеријата
- Горна решетка со мрежест дизајн
- Заден спојлер
- Тонирани стакла
- Систем за полнење гориво без капаче Ford Easy Fuel

## Стандардни одлики на внатрешноста

- Централно заклучување со далечинска контрола
- Систем за држење лента (со Предупредување за држење лента и Помош за држење лента)
- Мини горна конзола
- Предни прозорци со електричен погон
- Седиште на возачот со рачно нагодување во 4 насоки
- Предни патосници од велур
- Систем за следење на притисокот во пневматиците
- Патен компјутер
- Пакет за подготовка на озвучувањето

**Стилови на каросеријата**
3 врати, 5 врати

**Мотори**
**Бензин**
1.0 Ford EcoBoost (100 КС), 1.1 (70/85 КС)

**Дизел**
1.5 TDCi (85 КС)






- Помош за држење лента (стандардно)



- Заден спојлер (стандардно)



# Business

### Надворешни одлики дополнително на Trend

- Предни светла за магла со светла за свиоци и хромиран прстен
- Задни сензори за паркирање

### Внатрешни одлики дополнително на Trend

- Радио со допирен екран од 6,5 инчи , Ford SYNC 3, USB-приклучок и 6 звучници
- Рачна климатизација

**Стилови на каросеријата**
3 врати, 5 врати

**Мотори**
**Бензин**
1.0 Ford EcoBoost (100 КС), 1.1 (70/85 КС)

**Дизел**
1.5 TDCi (85 КС)






- Ford SYNC 3 со допирен екран во боја од 6,5 инчи (стандарндно)



- Странични ретровизори со склопување на електричен погон со трепкачи и куќишта во боја на каросеријата (стандардно)



# Titanium

### Надворешни одлики дополнително на Business

- Алуминиумски бандажи од 16 инчи
- Горна хромирана решетка со хромирана рамка
- LED-светла за дневно возење
- Задни светла со LED-технологија

### Надворешни одлики дополнително на Business

- Предни седишта со спортски стил со нагодлива потпора за половина на возачкото седиште
- Управувач и рачка на менувачот обложени со кожа
- Централна конзола со задно место за складирање, напојна точка за 12 V, 2 предни држачи на чаши и амбиентално осветлување
- Црна покривка на рачната сопирачка
- Предни и задни патосници (серија Red)
- Горна облога Deluxe

**Стилови на каросеријата**
3 врати, 5 врати

**Мотори**
**Бензин**
1.0 Ford EcoBoost (100/125 KC), 1.1 (85 KC)

**Дизел**
1.5 TDCi (85 KC)






- Халогени рефлекторски предни светла со LED-светла за дневно возење (стандардно)



- Централна конзола плус амбиентално осветлување (стандардно)



# Vignale

## Стандардни одлики на надворешноста

- Алуминиумски бандажи од 17 инчи
- Уникатна мрежеста горна решетка Vignale со хромирана рамка
- Уникатен преден браник Vignale (во боја на каросеријата)
- Високо поставени стоп-светла
- Тонирани стакла
- Загревани странични ретровизори на електричен погон, со склопување на електричен погон и светла за осветлување на тлото

## Стандардни одлики на внатрешноста

- Ford SYNC 3 со говорна контрола и допирен екран од 8 инчи, USB-приклучок и 7 звучници
- Климатизација со електронска автоматска контрола на температурата (EATC)
- Делумно кожени седишта
- Седиште на совозачот со рачно нагодување во 4 насоки
- Предни и задни патосници Vignale од велур
- Систем без клуч Ford KeyFree со копче за палење Ford Power
- Задни прозорци со електричен погон

**Стилови на каросеријата**
5 врати

**Мотори**
**Бензин**
1.0 Ford EcoBoost (100/125/140 KC)

**Дизел**
1.5 TDCi (120 KC)

Ford Fiesta Vignale ќе биде достапен од 4 септември 2017 година.






- Уникатна мрежеста горна решетка Vignale со хромирана рамка (стандардно)



- Систем без клуч Ford KeyFree со копче за стартување Ford Power (стандардно)



# ST-Line

### Надворешни одлики дополнително на Business

- Алуминиумски бандажи од 17 инчи со 7 краци
- Спортско нагодено потпирање
- Преден браник во боја на каросеријата со мрежеста црна решетка со светла за магла и светла за свиоци
- Спортски заден браник во боја на каросеријата
- Хромирана издувна цевка

### Надворешни одлики дополнително на Business

- Спортски предни седишта со нагодлива поддршка за половината
- Спортски управувач ST-Line
- Рачка на менувачот обложена со кожа (за автоматски трансмисии)
- Предни и задни патосници ST-Line
- Лајсни на праговите на предните врати со лого ST-Line
- Стартување без клуч
- Спортска горна облога

**Стилови на каросеријата**
3 врати, 5 врати

**Мотори**
**Бензин**
1.0 Ford EcoBoost (100/125/140 KC), 1.1 (85 KC)

**Дизел**
1.5 Duratorq TDCi (85/120 KC)

Ford Fiesta ST-Line ќе биде достапен од 4 септември 2017 година.






- Спортски управувач обложен со кожа (стандардно)



- Алуминиумски бандажи од 17 инчи со 7 краци (стандардно)





## Автоматско долго светло

Автоматското долго светло ги детектира возилата што ви се приближуваат однапред и автоматски го соборува светлото за вас. Достапно само со системите за препознавање на сообраќајните знаци и за предупредување на возачот.



## Ограничувач на брзина што може да се нагодува

**Ограничувачот на брзина што може да се нагодува** ви овозможува рачно да ја поставите максималната брзина на возење меѓу 20 и 110 km/h. Достапен како дел од приспсобливиот темпомат, овој систем ви овозможува да останете во рамките на избраното ограничување на брзината.





## Систем за информирање за слепите точки

Системот за информирање за слепите точки ве предупредува со дискретно светло за предупредување вградено во страничните ретровизори кога друго возило – автомобил, комбе или камион – влегува во ваша слепа точка додека возите. На сличен начин, предупредувањето за напречен сообраќај ве предупредува ако детектира возило во движење или друга опасност кога излегувате од место за паркирање под прав агол.

## Штитници за работ на вратите што се вовлекуваат

Се активира кога ќе се отвори врата на автомобилот, системот помага да се спречи непотребно оштетување со обезбедување заштитна бариера помеѓу работ на вратата на Fiesta и возилата паркирани во близина или други препреки.






## Предупредување на возачот

Дизајнирано да ве извести доколку системот детектира однесување при возење коешто укажува на намалување на нивото на будноста. Прво на групата инструменти се покажува икона за предупредување со која се бара да се одморите. Ако будноста при возење понатаму се намалува, пораката се повторува во комбинација со звучен сигнал.

## Препознавање сообраќајни знаци

Достапно само во комбинација со помошта за држење лента (дел од системот за држење лента), **Препознавањето сообраќајни знаци** е дизајнирано автоматски да ги чита сообраќаните знаци за ограничување на брзината со стандарден формат и да ја прикаже пропишаната брзина на групата инструменти.





***Frozen White***
*Акрилна боја на каросеријата**



***Shadow Black***
*Металик боја на каросеријата**



***Deep Impact Blue***
*Металик боја на каросеријата**



***Race Red***
*Акрилна боја на каросеријата**



***Magnetic***
*Металик боја на каросеријата**



***Moondust Silver***
*Металик боја на каросеријата**



***Blazer Blue***
*Акрилна боја на каросеријата*



***Bohai Bay Mint***
*Fashion металик боја на каросеријата**



***Chrome Copper***
*Fashion металик боја на каросеријата**

*Со доплата.
‡Боја на каросерија уникатна за Vignale.
Ford Fiesta е покриен со гаранцијата за перфорација на Ford, 12 години од датумот на прва регистрација. Зависно условите и одредбите.
**Забелешка** Прикажаните слики на автомобили се само за илустрација на боите на каросеријата и може да не ги одразуваат тековните спецификации или достапноста на производите на одредени пазари. Боите и облогите
прикажани во брошурата може да се разликуваат од вистинските поради ограничувањата на користените печатарски техники.



***Ruby Red***
*Премиум металик боја на каросеријата**



***Blue Wave***
*Премиум металик боја на каросеријата**



***Milano Grigio‡***
*Металик боја на каросеријата**

# Ние избравме Blue Wave. Која боја ќе ја изберете вие?

Ford Fiesta ја должи својата прекрасна издржлива надворешност на процесот на боење во повеќе фази. Од челичните делови на каросеријата инјектирани со восок до заштитниот горен премаз, новите материјали и процеси за нанесување обезбедуваат вашиот најнов Fiesta да го задржи добриот изглед со години.

# *Која е вашата омилена комбинација?*

**Персонализирање на надворешноста**

Креирајте ја вашата совршена Fiesta. Иконите со боја подолу ги покажуваат опциите за контрастен покрив и странични ретровизори што се достапни за секоја боја на каросеријата. (Опција заTrend, Business, Titanium и ST-Line)



***Race Red***
*Акрилна боја на каросеријата*



***Frozen White***
*Акрилна боја на каросеријата*



***Magnetic***
*Металик боја на каросеријата*



***Blazer Blue***
*Акрилна боја на каросеријата*



***Deep Impact Blue***
*Металик боја на каросеријата*



***Bohai Bay Mint***
*Fashion металик боја на каросеријата*



***Shadow Black***
*Металик боја на каросеријата*



***Chrome Copper***
*Fashion металик боја на каросеријата*



***Moondust Silver***
*Металик боја на каросеријата*



***Blue Wave***
*Премиум металик боја на каросеријата*



***Ruby Red***
*Премиум металик боја на каросеријата*

# FORD **FIESTA** Бандажи и пневматици



**15"**
***Алуминиумски бандаж Sparkle Silver со 8 краци***
*(Опција за Trend и Business)*



**16"**
***Алуминиумски бандаж Sparkle Silver со 8 краци***
*(Опција за Trend и Business)*



**16"**
***Алуминиумски бандаж во црна боја со 8 краци***
*(Опција за Trend и Business)*



**16"**
***Алуминиумски бандаж Sparkle Silver со 10 краци***
*(Не е достапен)*



**16"**
***Алуминиумски бандаж Rock Metallic со 8 краци***
*(Опција за Titanium)*



**17"**
***Алуминиумски бандаж Sparkle Silver со 8 краци***
*(Опција за Titanium)*



**17"**
***Алуминиумски бандаж Rock Metallic со 5x2 краци, уникатен за ST-Line***
*(Стандардно за ST-Line)*



**17"**
***Алуминиумски бандаж Luster Nickel со 10 краци, уникатен за Vignale***
*(Стандардно за Vignale)*



**18"**

***Алуминиумски бандаж Rock Metallic/машински обработен со 5x2 краци, уникатен за ST-Line***
*(Опција за ST-Line)*



**18"**

***Полиран алуминиумски бандаж со 8 краци, уникатен за Vignale***
*(Опција за Vignale)*



# *Навалете се и опуштете се.*

**Облоги на внатрешноста**

Изгледот и допирот на врвните материјали ќе направат уште повеќе да ја цените неверојатната внатрешност на најновата Fiesta. Раскошните предни седишта обезбедуваат исклучителен комфор и потпора, а исто така, големо внимание е посветено и на дизајнот и изработката на облогата на Ford Fiesta, за уште повеќе да го засилат вкупното доживување при возење.





***Intersection/Tira***
*во Ebony за Trend и Business*



***Flow***
*во Ebony за Titanium*



***Хексагонално тапацирана кожа***
*во Black Ruby за Vignale*



***Court***
*во Ebony за ST-Line*



***Кожа Windsor/Ontario***
*во Black Ruby за Vignale*

# Префинети детали.

**Персонализирање на внатрешноста**

Пакетите за персонализирање на Fiesta даваат цел асортиман на украси на дизајнот на внатрешноста – како деталите нагласени со боја на таблата со инструменти, централната конзола и внатрешните рачки на вратите, палета на куќишта за ретровизорите и извонредните контрастни шевови на патосниците, управувачот и облогата на седиштата. (Опција заTrend, Business, Titanium и ST-Line)





***Пакет за внатрешноста Mint - Пакет со дизајн 7***
*Достапен за Trend и Business*



***Пакет за внатрешноста Red - Пакет со дизајн 9***
*Достапен за ST-Line*



***Пакет за внатрешноста Blue - Пакет со дизајн 8***
*Достапен за Trend и Business*



***Пакет за внатрешноста Copper - Пакет со дизајн 10***
*Достапен за Titanium*



***Пакет за внатрешноста Mint 2 - Пакет со дизајн 11***
*Достапен за Trend и Business*



***Пакет за внатрешноста Red 2 - Пакет со дизајн 13***
*Достапен за ST-Line*



***Пакет за внатрешноста Yellow - Пакет со дизајн 9a***
*Достапен за ST-Line*



***Пакет за внатрешноста и седиштата Metal Grey - Пакет со дизајн 12***
*Достапен за Titanium*



***Пакет за внатрешноста и седиштата Metal Grey 2 - Пакет со дизајн 15***
*Достапен за ST-Line*


Trip computer 1
10:17
Spessartstraße,Cologne,North-Rhine-W
Destination
Menu
Audio
Phone
Nav
Apps
Settings
Ford
AIRBAG
PASSENGER AIRBAG
AUTO
MAX A/C





## Britax Römer® детско седиште

Најбезбеден начин на патување за дете е на задното седиште во специјално дизајнирано безбедносно седиште за деца. Достапни се разни модели (и со ISOFIX за дополнителна безбедност) за сите тежини (за бебиња и мали деца до 35 kg). Некои се достапни и во комбинација со безбедносни ремени што се надувуваат. (Дополнителна опрема)



## Xvision (SCC)®+ загревани седишта

Елементите за загревање на седиштата ви помагаат да го избегнете студот на ладните седишта во ледените утра. Достапни за седиштата на возачот и совозачот, овие елементи се поставуваат дискретно под постојните фабрички поставени покривки. (Дополнителна опрема)



## Корито за одделот за багаж

При превезување влажни и валкани предмети најдобро е да го заштитите одделот за багаж. Издржливите корита за одделот за багаж на Fiesta имаат рабови високи до 80 mm. (Дополнителна опрема)

## Куки за влечење

Достапна е фиксна кука за влечење (опрема) како и кука за влечење што може да се отстрани (опција и опрема).

## Uebler+ заден носач на велосипеди

Висококвалитетен носач на велосипеди монтиран на куката за влечење. Располага со практичен механизам за навалување за лесен пристап до одделот за багаж. (Дополнителна опрема)

## Штитник за задржување на багажот

Робустен систем за задржување што се поставува зад вториот ред седишта безбедно ги задржува кучињата или парчињата од багажот во делот за багаж (може да се отстрани кога не се користи). (Дополнителна опрема) Ги исполнува европските барања за безбедност ECE-R17.07 ECE- R17/ ISO 27955.

***За повеќе опрема погледнете го онлајн каталогот за опрема на www.ford-accessories.com***
***За асортиманот на производи со брендот на Ford – од облека до производи кои го одразуваат вашиот стил на живеење и модели на автомобили – посетете го www.fordlifestylecollection.com***

## Основен држач за на покрив

Носачот со брава е основа за сите додатоци на покривот. (Дополнителна опрема)

## Thule®+ сандак за на покрив

Дизајниран за носење разни товари и нивна заштита од временските услови и кражба. Сите понудени модели доаѓаат со двојно отворање за полесен пристап. (Дополнителна опрема, достапна во различни големини)

## Thule®+ носач на велосипеди на покрив

Висококвалитетен и лесен за инсталација покривен носач на велосипеди, од водечкиот производувач Thule®. (Дополнителна опрема)

## Thule®+ носач на скии/ штици за снег на покрив

Елегантен носач за скии што целосно се заклучува, пригоден за до шест пара скии или четири штици. (Дополнителна опрема)

## Калници

Калниците со приспособена форма помагаат да се заштити каросеријата на Ford Fiesta од прскања и камчиња од патот. Достапни како комплети за напред и назад. (Опција, освен за ST-Line, и дополнителна опрема)



## Патосници за сите временски услови

Патосниците за сите временски услови се направени совршено да одговараат и да штитат од нечистотија и влага. Безбедно прицврстени директно на подот од возилото, патосниците не можат да се лизнат и да ги попречуваат педалите. (Дополнителна опрема).









+Ставка опфатена со гаранција од снабдувач од трета страна, погледнете ја задната корица за детали.

# FORD **FIESTA** Бои и облоги

| | Акрилни бои на каросеријата | | | Металик бои на каросеријата* | | | | Металик бои на каросеријата Fashion* | | Металик бои на каросеријата Premium* | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Blazer Blue | Frozen White* | Race Red | Shadow Black (Absolute Black) | Magnetic | Moondust Silver | Deep Impact Blue** | Chrome Copper | Bohai Bay Mint | Blue Wave | Ruby Red |
| **Trend** | | | | | | | | | | | |
| **Тапацир на седиштата:** Платно Ebony/View со шевови Metal Grey/Buffalo Grey<br>**Боја на седиштата:** Ebony<br>**Боја на таблата со инструменти – горна:** Ebony<br>**Боја на таблата со инструменти – долна:** Satin Aluminium | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ |
| **Business** | | | | | | | | | | | |
| **Тапацир на седиштата:** Платно Ebony/View со шевови Metal Grey/Buffalo Grey<br>**Боја на седиштата:** Ebony<br>**Боја на таблата со инструменти – горна:** Ebony<br>**Боја на таблата со инструменти – долна:** Satin Aluminium | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ |
| **Titanium** | | | | | | | | | | | |
| **Тапацир на седиштата:** Платно Ebony/Domo со шевови Generic Silver/Race Red<br>**Боја на седиштата:** Ebony<br>**Боја на таблата со инструменти – горна:** Ebony/Light Grey/Carbon<br>**Боја на таблата со инструменти – долна:** Satin Aluminium | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | | | ■ | ■ |
| **Trend/BusinessDesignPacks** | | | | | | | | | | | |
| **Пакет со дизајн 7**<br>**Тапацир на седиштата:** Платно Ebony/View со шевови Metal Grey/Buffalo Grey<br>**Боја на седиштата:** Ebony<br>**Боја на таблата со инструменти – горна:** Ebony<br>**Боја на таблата со инструменти – долна:** Satin Aluminium – Bohai Bay Mint | ■ | ■ | | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | |
| **Пакет со дизајн 8**<br>**Тапацир на седиштата:** Платно Ebony/View со шевови Metal Grey/Buffalo Grey<br>**Боја на седиштата:** Ebony<br>**Боја на таблата со инструменти – горна:** Ebony<br>**Боја на таблата со инструменти – долна:** Satin Aluminium – Deep Impact Blue | ■ | ■ | | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | |
| **Пакет со дизајн 11**<br>**Тапацир на седиштата:** Платно Ebony/View со шевови Bohai Bay Mint<br>**Боја на седиштата:** Ebony<br>**Боја на таблата со инструменти – горна:** Ebony<br>**Боја на таблата со инструменти – долна:** Satin Aluminium – Bohai Bay Mint | ■ | ■ | | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | |
| **TitaniumDesignPacks** | | | | | | | | | | | |
| **Пакет со дизајн 10**<br>**Тапацир на седиштата:** Платно Ebony/Domo со шевови Metal Grey/Buffalo Grey<br>**Боја на седиштата:** Ebony<br>**Боја на таблата со инструменти – горна:** Ebony<br>**Боја на таблата со инструменти – долна:** Satin Aluminium – Chrome Copper | | ■ | | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | | | ■ |
| **Пакет со дизајн 12**<br>**Тапацир на седиштата:** Делумно кожа Ebony/Salerno со шевови Metal Grey/Buffalo Grey<br>**Боја на седиштата:** Ebony<br>**Боја на таблата со инструменти – горна:** Ebony<br>**Боја на таблата со инструменти – долна:** Satin Aluminium – Metal Grey | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ |

Стандардно ■

*Акрилната боја на каросерија Frozen White, боите на каросерија металик, фешн металик, премиум металик и делумно кожениот тапацир се опции со доплата. **Бојата на каросерија Deep Impact Blue е достапна до 2018.5MY.




Ford



## Најмоќен

**1.0 Ford EcoBoost (140 KC)**
**Емисии на $CO_2$ од 102 g/km**





## *Најмали емисии*

**1.5 TDCi (85 KC)**
**Емисии на $CO_2$ од 90 g/km**



# FORD **FIESTA** Гориво и перформанси

| | 1.0 Ford EcoBoost (100 KC (73.5 kW)) | 1.0 Ford EcoBoost (100 KC (73.5 kW)) | 1.0 Ford EcoBoost (125 KC (92 kW)) | 1.1 Ti-VCT (70 KC (52 kW)) | 1.1 Ti-VCT (85 KC (63 kW)) | 1.5 Duratorq TDCi (85 KC (63 kW)) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **3 врати** | | | | | | |
| Европски стандард | EURO VI | EURO VI | EURO VI | EURO VI | EURO VI | EURO VI |
| Максимална моќност KC (kW) | 100 (73.5) | 100 (73.5) | 125 (92) | 70 (52) | 85 (63) | 85 (63) |
| Вртежен момент Nm | 170 | 170 | 170 | 110 | 110 | 215 |
| Емисии на $CO_2$ (g/km)øø | 97 | 118 | 98 | 101 (107**) | 101 (107**) | 87 (82♦) (90**) |
| Трансмисија | рачна со 6 степени на пренос | автоматска со 6 степени на пренос | рачна со 6 степени на пренос | рачна со 5 степени на пренос | рачна со 5 степени на пренос | рачна со 6 степени на пренос |
| Погон | 4x2 | 4x2 | 4x2 | 4x2 | 4x2 | 4x2 |
| **Потрошувачка на гориво во L/100 km**øø | | | | | | |
| Градска | 5,4 | 6.9 | 5,4 | 5.6 (6.1**) | 5.6 (6.1**) | 3.8 (3.5♦) (4.1**) |
| Вонградска | 3,6 | 4.2 | 3,6 | 3.7 (3.9**) | 3.7 (3.9**) | 3.1 (3.0♦) (3.1**) |
| Комбинирана | 4,3 | 5,2 | 4,3 | 4.4 (4.7**) | 4.4 (4.7**) | 3.4 (3.2♦) (3.5**) |
| **Перформанси**ø | | | | | | |
| Максимална брзина (km/h) | 183 | 180 | 195 | 160 | 170 | 175 |
| 0-100 km/h (секунди) | 10,5 | 12,2 | 9.9 | 14,9 | 14.0 | 12.5 |
| 50-100 km/h* (секунди) | 11.0 | н/п | 9.9 | 17,9 | 17.5 | 12.8 |
| **Маси и оптоварувања** | | | | | | |
| Маса на празно возило (kg)# | 1144 | 1184 | 1144 | 1113 (1108**) | 1113 (1108**) | 1163 (1158**) |
| Бруто маса на возило (kg) | 1650 | 1655 | 1650 | 1625 (1620**) | 1625 (1620**) | 1660 (1655**) |
| Макс. маса на приколка 12% (kg) | 1000 | 1000 | 1000 | 750 | 750 | 750 |
| Макс. маса на влечење (kg) (без сопирачки) | 570 | 590 | 570 | 555 (550**) | 555 (550**) | 580 (575**) |
| Ограничување на вертикално оптоварување (kg) (Оптоварување во приклучокот) | 65 | 45 | 65 | 65 | 65 | 45 |

| | 1.0 Ford EcoBoost (100 KC (73.5 kW)) | 1.0 Ford EcoBoost (100 KC (73.5 kW)) | 1.0 Ford EcoBoost (125 KC (92 kW)) | 1.1 Ti-VCT (70 KC (52 kW)) | 1.1 Ti-VCT (85 KC (63 kW)) | 1.5 Duratorq TDCi (85 KC (63 kW)) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **5 врати** | | | | | | |
| Европски стандард | EURO VI | EURO VI | EURO VI | EURO VI | EURO VI | EURO VI |
| Максимална моќност KC (kW) | 100 (73.5) | 100 (73.5) | 125 (92) | 70 (52) | 85 (63) | 85 (63) |
| Вртежен момент Nm | 170 | 170 | 170 | 110 | 110 | 215 |
| Емисии на $CO_2$ (g/km)øø | 97 | 118 | 98 | 101 (107**) | 101 (107**) | 89 (84♦) (93**) |
| Трансмисија | рачна со 6 степени на пренос | автоматска со 6 степени на пренос | рачна со 6 степени на пренос | рачна со 5 степени на пренос | рачна со 5 степени на пренос | рачна со 6 степени на пренос |
| Погон | 4x2 | 4x2 | 4x2 | 4x2 | 4x2 | 4x2 |
| **Потрошувачка на гориво во L/100 km**øø | | | | | | |
| Градска | 5,4 | 6.9 | 5,4 | 5.6 (6.1**) | 5.6 (6.1**) | 3.9 (3.7♦) (4.3**) |
| Вонградска | 3,6 | 4.2 | 3,6 | 3.7 (3.9**) | 3.7 (3.9**) | 3.2 (3.1♦) (3.2**) |
| Комбинирана | 4,3 | 5,2 | 4,3 | 4.4 (4.7**) | 4.4 (4.7**) | 3.5 (3.3♦) (3.6**) |
| **Перформанси**ø | | | | | | |
| Максимална брзина (km/h) | 185 | 185 | 195 | 160 | 170 | 175 |
| 0-100 km/h (секунди) | 10,5 | 12,2 | 9.9 | 14,9 | 14 | 12.5 |
| 50-100 km/h* (секунди) | 11.0 | н/п | 9.9 | 17,9 | 17.5 | 12.8 |
| **Маси и оптоварувања** | | | | | | |
| Маса на празно возило (kg)# | 1164 | 1206 | 1164 | 1135 (1130**) | 1135 (1130**) | 1191 (1186**) |
| Бруто маса на возило (kg) | 1670 | 1680 | 1670 | 1645 (1640**) | 1645 (1640**) | 1680 (1675**) |
| Макс. маса на приколка 12% (kg) | 1000 | 1000 | 1000 | 750 | 750 | 750 |
| Макс. маса на влечење (kg) (без сопирачки) | 580 | 600 | 580 | 565 | 565 | 595 (590**) |
| Ограничување на вертикално оптоварување (kg) (Оптоварување во приклучокот) | 65 | 45 | 65 | 65 | 65 | 45 |

*Во 4 степен на пренос. **без автоматско палење-гасење. ***Дадените бројќи се со гориво RON98. Само со летни пневматици од 15 инчи. øБројки од тестовите на Ford. øøДекларираната потрошувачка на гориво/енергија, емисиите на $CO_2$ и опсегот со електричен погон се мерени според техничките барања и спецификации од европските регулативи (EC) 715/2007 и (EC) 692/2008 како што се последен пат изменети и дополнети. Потрошувачката на гориво и емисиите на $CO_2$ се специфицирани за моделот на возилото, а не за поединечно возило. Применетата стандардна постапка за тестирање овозможува споредување меѓу разни типови возила и различни производители. Освен ефикасноста на искористувањето на горивото на автомобилот, однесувањето при возењето како и други нетехнички фактори играат улога при одредувањето на потрошувачката на гориво/енергија на возилото, емисиите на $CO_2$ и опсегот со електричен погон. $CO_2$ е главниот стакленички гас одговорен за глобалното затоплување. Упатство за економијата на гориво и емисиите на $CO_2$ кое содржи податоци за сите нови модели патнички автомобили е достапно бесплатно на сите продажни места. Сите бензински мотори се опремени со каталитички конвертори.

#Ја претставува најмалата маса на празно возило сметајќи возач со 75kg, со целосно наполнети течности и 90% гориво, во зависност од производните толеранции и вградените опции, итн. Наведените граници за влечење ја претставуваат максималната способност за влечење на возилото со бруто маса на возилото за тргнување на нагорнина од 12 проценти на ниво на морето. Перформансите и економичноста на сите модели се намалува кога се користат за влечење. Бруто масата на композицијата ја вклучува масата на приколката. Максималното ограничување за оптоварување на покривот е 50 kg за сите модели. Кога ќе се избере панорамски покрив, капацитетот за влечење за моторите 1.0 Ford Ecoboost и 1.5 Duratorq се намалува на 0 kg. Кога ќе се избере резервно тркало или алуминиумски бандажи од 18 инчи, капацитетот за влечење за моторите 1.0 Ford Ecoboost Automatic и 1.5 Duratorq 120 KC се намалува на 0 kg. За серијата ST-Line ограничувањето за влечење се намалува на 0 kg.

## FORD **FIESTA** Димензии и капацитет

### 3 врати

**1093L**

Зафатнина за товарање до покривот.

**292L**

Зафатнина до полицата во одделот за багаж.

### 5 врати

**1093L**

Зафатнина за товарање до покривот.

**292L**

Зафатнина до полицата во одделот за багаж.

| | Fiesta 3 врати | Fiesta 5 врати |
|---|---|---|
| Вкупна должина со/без кука за влечење (mm) | 4040/4140 | 4040/4140 |
| Вкупна ширина со/без ретровизори (mm) | 1941/1735 | 1941/1735 |
| Вкупна ширина со склопени ретровизори (mm) | 1783 | 1783 |
| Вкупна висина (mm) (без товар) | 1476 | 1476 |
| Минимално растојание меѓу сводовите на тркалата (mm) (во просторот за багаж) | 980 | 980 |
| Круг на вртење – тротоар до тротоар (m) | 10.05 | 10.05 |
| **Димензии на внатрешноста** | | |
| Простор за глава во првиот ред седишта (mm) (без панорамски покрив) | 992 | 992 |
| Простор за нозе во првиот ред седишта (mm) (максимум со седиштата поставени во најзадната положба на средна висина) | 1125 | 1125 |
| Простор за рамена во првиот ред седишта (mm) | 1346 | 1346 |
| Простор за глава во вториот ред седишта (mm) (без панорамски покрив) | 955 | 955 |
| Простор за нозе во вториот ред седишта (mm) (максимум со седиштата поставени во најзадната положба на средна висина) | 835 | 835 |
| Простор за рамена во вториот ред седишта (mm) | 1300 | 1300 |
| **Капацитет за багаж (литри)‡** | | |
| Формат со 5 седишта (натоварено до полицата) (со комплет за поправање пневматици) | 292 | 292 |
| Формат со 5 седишта (натоварено до покривот) (со комплет за поправање пневматици) | 984 | 984 |
| **Простор за багаж** | | |
| Макс. висина на товарање (mm) | 824 | 824 |
| Ширина на товарање меѓу куќиштата на тркалата (mm) | 980 | 980 |
| Должина на товарање (на подот до вториот ред седишта) (mm) | 721 | 721 |
| **Капацитет на резервоарот за гориво (литри)** | | |
| Бензин | 42 | 42 |
| Дизел | 42 | 42 |

‡Мерено во согласност со ISO 3832. Димензиите може да се разликуваат во зависност од моделот и од вградената опрема.

## 3 врати

Висина: 1.476 mm






Ширина: 1.735 mm
Ширина (со ретровизори): 1.941 mm

Должина: 4.040 mm (4.065 mm: само за ST-Line)

## 5 врати

Висина: 1.476 mm






Ширина: 1.735 mm
Ширина (со ретровизори): 1.941 mm

Должина: 4.040 mm (4.065 mm: само за ST-Line)

## пробајте

Посетете го продавачот на Ford и самите пробно возете ја најновата Ford Fiesta.

## составете

Посетете го продавачот на Ford за да ја составите вашата нова Ford Fiesta и да ја утврдите цената.

# финансирање

Кога станува збор за финансирање на вашиот автомобил, нашата големина и експертиза значат дека ние сме добро поставени за да ви обезбедиме широка палета финансиски производи.

Ford Credit обезбедува палета финансиски производи за вашиот автомобил, без оглед дали сте индивидуален или деловен корисник.

Ford Lease е специјализиран за договори за изнајмување и лизинг и обезбедува алтернативна палета на финансиски планови кои може да се приспособат да одговараат на вашиот бизнис. Само за деловни корисници.

# поседување

Кога ќе заминете во вашиот нов автомобил, ние сме цело време со вас. Ford има голема овластена сервисна мрежа за да ви помогне да го одржите вашиот автомобил во најдобра состојба.

Најновиот Fiesta има флексибилен интервал на сервисирање од 2 години/30.000 km за сите мотори со EURO 6.

А доколку на вашиот Ford кога било му затреба поправка од незгода, Центарот за поправки од незгоди на Ford е најдоброто место за враќање на вашиот автомобил во состојба како пред незгодата и да се вратите на патот што е можно побрзо.



**Илустрации, описи и карактеристики.** Брошурата беше точна во времето на печатењето. Меѓутоа, Ford има политика на постојан развој на производите. Правото за менување на карактеристиките, боите и цените на моделите и ставките илустрирани и опишани во ова издание во кое било време е задржано. За најновите детали, секогаш посоветувајте се со својот продавач на Ford. **Опционална опрема.** Во цело ова издание, каде и да има некоја карактеристика опишана како „опција“ или „опционална опрема/пакет“, треба да претпоставите дека е со доплата на основното возило, освен ако изрично не е наведено спротивното. Сите модели и комбинации на бои зависат од достапноста. **Забелешка.** Некои слики претставени тука се модели од пред-производство и/или се компјутерски направени, затоа конструкцијата/одликите на конечните верзии на возилото може да се разликуваат во разни погледи. Освен тоа, некои од одликите прикажани на возилата може да се опционални. **Забелешка.** Брошурата содржи оригинална опрема на Ford, како и асортиман производи од нашите снабдувачи. ✚Идентификуваните додатоци се внимателно избрана опрема од други снабдувачи со нивни марки што не спаѓаат под гаранцијата Ford, но се покриени со гаранцијата на самиот производител, за којашто може да се известите кај својот продавач на Ford. **Забелешка.** Зборот-марката Bluetooth® и логоата се сопственост на Bluetooth SIG, Inc. и употребата на тие марки од страна на Ford Motor Company Limited е лиценцирана. Зборот и логоата iPod се сопственост на Apple Inc. Другите трговски марки и трговски имиња им припаѓаат на нивните сопственици. **Забелешка.** Некои функции за помош на возачот и за безбедност опишани во брошурава се конструирани да функционираат со помош на сензори чии работни ефекти може да се помали во одредени климатски и услови на околината.

Ова меѓународно издание на брошурата е само за општо информирање, опишаните спецификации не се релевантни за кој било посебен пазар. Можно е во илустрациите или текстот да се дадени упатувања кон модели, одлики или услови што не се достапни на некои територии, било како стандардна опрема или опција. Освен тоа, може да не се наведени некои специјални функции што се достапни. Затоа, секогаш посоветувајте се со нашиот продавач на Ford за најновите детали на спецификациите и тековните цени.

Кога ќе завршите со оваа брошура, ве молиме да ја рециклирате.

Издавач: Ford Motor Company Limited,
Brentwood, Essex, England.
Регистрирана во Англија под бр. 235446.

BJN 205355. FoE Y38R.
0917/EDM mk

Август 2017 година.
© Ford Motor Company Limited.

MY 2017.5 EDM mk




www.ford.mk

Go Further